20141424402

МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 84 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14), министерот за информатичко општество и администрација, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ ЗА УТВРДЕНА ДИСЦИПЛИНСКА И МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на годишниот извештај за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници (во натамошниот текст: извештајот).

Член 2

Со извештајот се обезбедуваат податоци и информации за спроведените постапки за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници.

Член 3

Извештајот се води во електронска и печатена форма на образец кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Извештајот содржи:

- штембил на институцијата со архивски број и датум;
- периодот за кој се однесува;
- основни податоци за институцијата;
- наративна оцена на спроведувањето на постапките за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност;
- поединечен преглед на спроведените постапки за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници;
- збирен преглед на спроведените постапки за дисциплинска одговорност (дисциплинска неуредност, односно дисциплински престап);
- збирен преглед на спроведените постапки за материјална одговорност;
- место за печат и потпис ;
- шифрарник за пополнување на извештајот во збирниот преглед, во делот на видот на одговорноста, основот на одговорноста и видот на изречените мерки.

Член 5

Со денот на отпочнувањето на примената на овој правилник, престанува да важи Правилникот за содржината и формата на годишниот извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност на државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/11).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14).

Бр. 14/2-2766/12
16 септември 2014 година
Скопје

Министер,
м-р **Иво Ивановски**, с.р.

ШТЕМБИЛ НА ИНСТИТУЦИЈАТА (архивски број и датум)

ПРИЛОГ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за изречените мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност
за _____ година

I) Основни податоци за институцијата

1. Назив на институцијата _____
2. Адреса _____
3. Контакт _____
(телефон; факс; интернет страница; е-пошта)
4. Контакт лице _____

4.1. Име и презиме _____
4.2. Звање и работно место _____
4.3. Контакти _____
(телефон; факс; е-пошта)

II) Наративна оцена на спроведувањето на постапките за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност

(Во овој дел се дава оценка за квалитетот на изведувањето на постапките, ефектот на изречените мерки врз работењето на службеникот и институцијата. Исто така се наведуваат и евентуалните потешкотии при спроведувањето на постапките за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност и образложение за причините за таквите потешкотии.)

_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____
_____

III) Поединечен преглед на спроведените постапки за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници
(Во оваа табела се даваат податоци за сите спроведени постапки, вклучувајќи име и презиме на административниот службеник, звање, вид и основ на одговорноста, информација за поднесениот предлог/извештај до административниот службеник и неговиот одговор, предложената мерка, изречената мерка, поднесена жалба до второстепениот орган и одлука на второстепената комисија.)

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10
Ред. број	Име и презиме	Звање	Вид и основ за одговорност	Писмен предлог /извештај	Писмен одговор од административниот службеник	Предложена мерка	Изречена мерка	Поднесена жалба во втор степен	Одлука на второстепена комисија
1.									
2.									
3.									
4.									
5.									
6.									
7.									
8.									
9. 10.									

(Објаснување за пополнување: Во колона 1 се внесува реден број; во колона 2 се внесува име и презиме на административниот службеник; во колона 3 неговото звање при започнувањето на постапката; во колона 4 се внесува шифрата за видот и основот на одговорност; во колона 5 се внесува информација дали административниот службеник го добил во писмена форма извештајот/предлогот за дисциплинска/материјална одговорност со впишување на ДА или НЕ; во колона 6 се внесува информација дали административниот службеник во писмена форма одговорил по добиениот извештај за дисциплинска/материјална одговорност со впишување на ДА или НЕ; во колоната 7 се внесува шифрата на предложената мерка; во колоната 8 се внесува шифрата на изречената мерка; во колоната 9 се внесува информација дали административниот службеник поднел жалба до второстепената комисија со впишување на ДА или НЕ; во колоната 10 се внесува шифрата на одлуката на второстепената комисија.)

IV. Збирен преглед на спроведените постапки за дисциплинска одговорност

(Во оваа табела се даваат бројчани податоци за сите спроведени постапки за утврдување на дисциплинска одговорност на административните службеници по вид и основ на одговорност и изречени мерки)

Вид и основ за дисциплинска одговорност / изречена мерка	А.1	А.2	А.3	А.4	А.5	А.6	А.7	А.8	А.9	Б.1	Б.2	Б.3	Б.4	Б.5	Б.6	Б.7	Б.8	Б.9	Б.10	Б.11	Б.12	Б.13	Б.14	Б.15	Б.16	Б.17	Б.18	Б.19	Б.20	Б.21	Б.22	Б.23	Б.24	Б.25	Б.26	Б.27	В.1	В.2	В.3	В.4	В.5	В.6

Вид и основ за дисциплинска одговорност / изречена мерка	А.1	А.2	А.3	А.4	А.5	А.6	А.7	А.8	А.9	Б.1	Б.2	Б.3	Б.4	Б.5	Б.6	Б.7	Б.8	Б.9	Б.10	Б.11	Б.12	Б.13	Б.14	Б.15	Б.16	Б.17	Б.18	Б.19	Б.20	Б.21	Б.22	Б.23	Б.24	Б.25	Б.26	Б.27	В.1	В.2	В.3	В.4	В.5	В.6

V. Збирен преглед на спроведените постапки за материјална одговорност

1. Вкупен број на спроведени постапки за утврдување на материјална одговорност
2. Вкупен број на донесени решенија за надомест на штета за материјална одговорност

овластен потписник на институцијата

М.П.

(име, презиме и функција)

ШИФРАРНИК ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ВО ЗБИРНИОТ ПРЕГЛЕД, ВО ДЕЛОТ НА ВИДОТ НА ОДГОВОРНОСТА, ОСНОВОТ НА ОДГОВОРНОСТА И ВИДОТ НА ИЗРЕЧЕНИТЕ МЕРКИ

Шифра	**Вид на одговорност**
А	Дисциплинска неуредност
Б	Дисциплински престап
В	Дисциплински мерки
Шифра	**Основ на одговорност**
А.1	непочитување на работното време, распоредот и користењето на работното време
А.2	неуредно чување на службените списи и податоци
А.3	недоаѓање на работа два работни дена во текот на една календарска година без оправдување
А.4	непочитување на обврската за носење на ознаките со личното име и звањето или називот
А.5	неизвршување , несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи со полесни последици од повредата
А.6	непристојно однесување на административниот службеник при вршење на работа и работни задачи со полесни последици од повредата
А.7	недомаќинско користење и употреба на доверените финансиски средства и средствата за работа
А.8	неоправдано неизвестување на непосредно претпоставениот административен службеник, секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар за спреченоста за недоаѓање на работа во рок од три часа
А.9	одбивање на стручно оспособување и усовршување на кое административниот службеник се упатува
Б.1	неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи
Б.2	непристојно однесување на административниот службеник при вршење на работи и работни задачи
Б.3	искажување и застапување на политичко уверување во вршењето на работните задачи, учество во изборни активности или други јавни настапи од таков карактер во текот на работното време, доведување во прашање на својот статус на административен службеник со вршење на партиски активности, носење или истакнување на партиски симболи во работната просторија

Б.4	одбивање на давање или давање на неточни податоци на институциите, односно на граѓаните и правните лица, доколку давањето на податоци е утврдено со закон
Б.5	незаконито располагање со материјалните и финансиските средства
Б.6	одбивање на вршење на работни задачи поврзани со работното место на кои е распореден
Б.7	одбивање на писмена наредба за извршување на работни задачи поврзани со работата на институцијата издадени од непосредно претпоставениот административен службеник, секретарот, односно раководното лице на институцијата , во случај на неодложна потреба
Б.8	непреземање или нецелосно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети во работа
Б.9	предизвикување на материјална штета со намера или од крајно невнимание
Б.10	повторување на дисциплинска неуредност повеќе од два пати во тековната година
Б.11	примање на подароци или друг вид на корист
Б.12	злоупотреба на статусот на административен службеник
Б.13	злоупотреба на доверените овластувања во вршењето на работните задачи
Б.14	злоупотреба на боледување
Б.15	злоупотреба на лични податоци
Б.16	злоупотреба на доверливи податоци
Б.17	оддавање на класифицирана информација со степен на тајност утврдена со закон
Б.18	внесување и употреба, како и работење под дејство на алкохол или наркотични средства
Б.19	непридружување кон прописите за заштита од болест, безбедност и здравје при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и на прописите за заштита на животната средина
Б.20	поставување на личен финансиски интерес во судир со положбата и статусот на административен службеник
Б.21	навредливо или насилничко однесување на работното место

Б22	однесување спротивно на одредбите на Кодексот
Б.23	неоправдано одбивање на учество во работата на органите во кои е избран за спроведување на изборна постапка попис, како и во други постапки утврдени со закон
Б.24	неоправдано одбивање да го надгледува реализирањето на екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците во основните и средните училишта
Б.25	спречување на избори и гласање, повреда на избирачкото право и на слободата на определување на избирачите, поткуп при избори, повреда на тајноста на гласањето, уништување на изборни исправи, или изборна измама кои како член на изборен орган, ги извршил административниот службеник
Б.26	неизвршување или несовесно извршување на должностите како набљудувач и непридружување кон упатствата добиени од страна на Државниот испитен центар при набљудувањето на реализацијата на екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците во основните и средните училишта
Б.27	непостапувањето по обврската за оценување на административен службеник
Шифра	**Вид на изречена мерка**
1	писмена опомена
2	парична казна во висина од 20% од висината на едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред дисциплинската неуредност, во траење од еден до три месеци
3	парична казна во висина од 30% од висината на едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред дисциплинскиот престап во траење од еден до шест месеци
4	распоредување на работно место во непосредно пониско ниво
5	престанок на работниот однос кога настапиле штетни последици за институцијата, а притоа не се утврдени олеснителни околности за административниот службеник кој го сторил престапот
6	Надомест на штета за материјална одговорност